РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer. 02-1174/10
31.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од прво продолжение на 11. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 25.3.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Гордана Мајнова (службено патување).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, м-р Ивона Муфишева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, го отвори првото продолжение на 11. седница на Советот. Седницата почна во 14:30 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Во врска со продолжението на 11. седница, претседателот на Советот предложи дополнување на Дневниот ред со нова точка, означена како точка 9, под наслов: „Предлог-одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево“.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои предлогот за дополнување на дневниот ред за 11 седница.

## ДНЕВЕН РЕД

*(продолжение на 11 седница)*

9. Предлог - одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево

**Точка 9**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, ја образложи предложената Одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево. Појасни дека на редовната 11. седница Советот, постапувајќи согласно законот, донел Одлука за одземање на дозволата на ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, поради неплаќање на годишниот надоместок за

телевизиско емитување во законски утврдениот рок. Дополнително појасни дека, имајќи предвид дека Одлуката за одземање на дозволата сѐ уште не била објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и фактот дека во текот на денешниот ден радиодифузерот во целост го подмирил долгот, се предлага Советот на Агенцијата да донесе Одлука со која ќе се поништи претходно донесената Одлука за одземање на дозволата. Директорот информираше дека на денот на донесувањето на Одлуката за одземање на дозволата, односно на 23 март 2026 година, сопственикот на радиодифузерот извршил уплата на износот за надоместокот од приватна трансакциска сметка. Во таа насока, посочи дека Агенцијата ја вратила уплатата, имајќи предвид дека согласно законските прописи не е дозволено физичко лице да врши плаќање во име на радиодифузер.

Советничката м-р Зирјета Јајага изрази особена благодарност до Стручната служба на Агенцијата, нагласувајќи ја нивната континуирана ангажираност и професионален пристап. Посочи дека службата во текот на целиот процес одржувала комуникација со радиодифузерот, со цел обезбедување соодветна поддршка за надминување на настанатата состојба и за навремено исполнување на обврските.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, се согласи со изнесеното и истакна дека примарната цел на Агенцијата и на Советот е да се овозможи непречено функционирање на медиумите и создавање услови за нивно законито и континуирано работење.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се поништува во целост Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-66 од 24.3.2026 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, Уп1 бр.08-58 од 7.9.2023 година, поради тоа што радиодифузерот во целост ја исполни законската обврска за плаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, односно изврши уплата во износ од 118.740,00 (сто и осумнаесет илјади и седумстотини и четириесет) денари, согласно издадената Фактура бр.2026-100-0020 од 12.1.2026 година (наш арх.бр.05-106/1 од 12.1.2026г.).

Одлука со која се поништува во целост Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-66 од 24.3.2026 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, Уп1 бр.08-58 од 7.9.2023 година е конечна и истата влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**